| **Известување за продолжување на рокот за третиот Јавен повик до општините и општините во градот Скопје и потенцијални даватели на услуги во Република Северна Македонија за аплицирање за грант за развој на социјални услуги** |
|---|
| Министерството за социјална политика, демографија и млади го продолжува крајниот рок за аплицирање на Третиот јавен повик до општините и општините во градот Скопје и потенцијални даватели на услуги во Република Северна Македонија за аплицирање за грант за развој на социјални услуги. **Краен рок за достава на апликациите е до 21.02.2025 (петок) до 16:00 часот.** |

**Република Северна Македонија**
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

**Јавен повик до општините и општините во градот Скопје и потенцијални даватели на услуги во Република Северна Македонија за аплицирање за грант за развој на социјални услуги**

Министерството за социјална политика, демографија и млади го имплементира Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит бр.: 8902-МК)..

Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица.

Општините заедно со потенцијални даватели на услуги ќе може да аплицираат за грантови наменети за проекти за развој на следните социјални услуги:

- **услуги во домот** (Помош и нега во домот)

- **услуги во заедницата** (Дневен престој за лица со попреченост, Дневен престој за лица со попреченост со индивидуална работа, Дневен престој за стари лица, Дневен престој за стари лица со активно стареење ).

- Проект за подобрување на социјалните услуги -

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ( **кои може да ги најдете на веб страната ssip.com.mk**)

1. **Формулар за аплицирање** (линк до формулар )
2. **Листа за проверка на документација за аплицирање** – (линк до листа за проверка)
3. **Одлука за формирање на Општински совет за социјална заштита (копија)** или **Изјава** дека истиот ќе биде формиран до денот на почнување на давање на услугата (не е утврден образец на изјава).
4. **Социјален план на општината (копија)** или изјава дека ќе биде обезбеден до денот на почнување на давање на услугата.
5. **Скрининг листа за животна средина и социјални аспекти** (линк до ССЖССА).
6. **Буџет во Ексел формат** (линк до образец).
7. **Договор за бесплатно отстапување на општински простор** за давателот на услугата во рок од 5 години (во случај кога се работи за простор на општината).
8. **Имотен лист и договор за закуп** за просторот каде ќе се нуди услугата (копија).
9. **Договор за соработка (партнерство) со кој се регулирани обврските** меѓу општината и давателот на услугата, за развој на соодветната социјална услуга (не е утврден образец на договор).

ВИСИНА НА ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА

Износот на средствата и нивната висина се утврдува како максимален износ, пресметан како збир на:

- **Трошоци за воспоставување на социјалната услуга** –
- **Трошоци за давање на социјалната услуга** – за период од **12 месеци**.

**Основи за пресметка на трошоците:**

Трошоците се пресметуваат врз основа на следните документи и прописи:

- **Позитивни прописи** кои ги уредуваат нормативите и стандардите за обезбедување на соодветната социјална услуга.


Министерство за труд и социјална политика
Ул. „Даме Груев" бр. 14 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov. mk

- Проект за подобрување на социјалните услуги -

**Услуги во домот :** Правилник за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот

линк до Правилник за помош и нега во домот
линк до измени на правилник 2021
линк до измени на правилник 2023

**Услуги во заедницата :** Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за дневен претстој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација

линк до Правилник дневни услуги
линк до измени на правилник (2021)
линк до измени на правилник (2023)

- **Елементи за формирање на цените** за воспоставување на услугите, во согласност со стандардите и нормативите за социјалните услуги (достапни во Методологија/елементи за формирање на цените за воспоставување на услугите во зависност од стандардите и нормативите за социјалната услуга);
- **Трошковник за воспоставување на социјални услуги** (линк до Трошковник)
- **Последната Одлука за утврдување на цени** на социјалните услуги за давање на услугите со број 02-8155/2 од 18.12.2024 (линк до Одлука)
- **Поднесен предлог-проект** од страна на апликантот, со планирани трошоци за воспоставување и давање на социјалната услуга.

Трошоците пресметани согласно наведените документи и Оперативниот прирачник за администрирање на грантови за развој на социјалните услуги Верзија бр.3 и одобрени од страна на министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) , се сметаат за поддржани трошоци.

**Трошоци кои не можат да се финансираат со средства од грантот:**

- Купување на земјиште.
- Принудно национализирање на земјиште.


Министерство за труд и социјална политика
Ул. „Даме Груев" бр. 14 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov. mk

- Набавка на користена или половна опрема и мебел.
- Трошоци кои не се предвидени во договорот за грант.

Трошоци кои не се спроведени согласно процедурите за набавки, наведени во Оперативниот прирачник за администрирање на грантови за развој на социјалните услуги, и кои не се одобрени од страна на ЕУП

## ПОДОБНОСТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ГРАНТ

Подобноста за аплицирање и добивање на грантови за развој на социјални услуги на локално ниво се однесува на општините и давателите на услуги кои се партнери во апликацијата.

Општината не е подобна за аплицирање доколку :

- нема приложено доказ за основан Општински совет за социјална заштита и копија од Социјален план за подрачјето на општината или изјава дека истите ќе ги обезбеди до денот на почнување на давање на услугата доколку бидат избрани;
- општината/ините се финансиски поддржани од МСПДМ/ППСУ за развој на соодветната услуга во претходните повици за доделување грант (пример: Ако одредена општина аплицирала и добила грант за развој на услугата *помош и нега во домот*, истата општина не е подобна повторно да добие грант во рамките на ППСУ за услугата *помош и нега во домот*);
- тековно е финансирана од друга институција/организација за воспоставување и/или давање на истата услуга.
- Во општината/ите постои давател/и на услуга кој има склучено управен договор со МСПДМ за истата услуга (на пример: доколку постои давател на услугата помош и нега во домот, кој има склучено управен договор со МСПДМ, таа општина не е подобна да аплицира за истата услуга).

**Давателот на услугата** не е подобен да аплицира доколку:

- поседува дозвола за вршење дејност во областа на социјалната заштита за одредена услуга независно дали услугата ја дава комерцијално или е поддржан од МСПДМ/ППСУ за територијата на општината за која аплицира (пример: давател на

услуга кој поседува дозвола за вршење дејност/е лиценциран за развој на услугата *помош и нега во домот* на територијата на одредена општина, не може да аплицира за развој на истата услуга во истата општина);

- тековно е финансирана од друга институција/организација за воспоставување и/или давање на истата услуга.

**Ограничувања при аплицирање:**

- **Секоја општина може да поднесе само една апликација** во рамки на овој јавен повик.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР НА АПЛИКАЦИИ

Критериумите за избор на апликации кои ќе бидат поддржани се утврдени во **Оперативниот прирачник за администрирање на грантови за развој на социјалните услуги** ***Верзија 3*** (линк до прирачник).

**Краен рок за достава на апликациите е до 21.02.2025 до 16:00 часот.**

**Начин на доставување:**

Апликациите треба да се достават електронски на е-меил адресата: info.ssip@mtsp.gov.mk
И по пошта на следната адреса:

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**
**Проект за подобрување на социјалните услуги**
**Ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**

**Со назнака за „Јавен повик до општините и општините во градот Скопје и потенцијални даватели на услуги во Република Северна Македонија за аплицирање за грант за развој на социјални услуги"**